**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/3
29.03 2019 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 217**

**Скопје, 29.03.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за книга со наслов „Емиграционите движења од Македонија во Европа Америка и Австралија„ од проф. д-р Зунун Зунуни“........................3390
2. Рецензија за монографија со наслов „Современата имиграција и аспектите на економската интеграција на имигрантите„ од проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска...........................................................................................................3393
3. Рецензија за книга - монографија со наслов „Имиграцијата во Европската Унија и Соеднинетите Американски Држави - интеграција на припадниците на исламските зедници„ од авторот проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска..3396

**РЕЦЕНЗИЈА**

За книга

**Емиграционите движења од Македонија во Европа,Америка и Афстралија. Прв дел**

од проф. д-р Зунун Зунуни

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипоматија при Прв приватен универзитет Фон во Скопје на ден 14.02.2019, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на книгата“Емиграционите движења од Македонија во Европа,Америка и Афстралија, Прв дел“од проф.д-р Зунун Зунуни за предметот Миграција и миграциски процеси избрани се проф. д-р Нано Ружин, проф..д-р Назми Малиќи и Проф. д-р Јорде Јакимоски .

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки и дипломатијапри Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Миграција и миграциски процеси е предмет на пост дипломските студии на насоката надворешна политика на Факултетот за политички науки и дипломатија при Прв Приватен Универзитет ФОН. Книгата“Емиграционите движења од Македонија во Европа,Америка и Афстралија, Прв дел “кој е предаден на рецензија содржи 216 страни во електронска верзија со проред 1,5 големина на фонтот.

Текстот е поделен во четири глави, кои се логично распоредени според содржината што се третира, вовед, три поглавја, заклучок и користена литература.

Првата глава носи наслов „Поимно терминолошки одредници, типови на миграции и фактори кои влијаат на иселувањето на луѓето “ во која авторот првенствено разработува некои општи и историски одредници за миграцијата.Така, во првиот дел од ракописот се поместува материјал поврзан со дефинирањетона поимот и определувањето на предметот, емиграционите движења од Македонија, а се дава и историски пресек на досегашниот тек на иселувањето.

Во втората глава со наслов„ Почеток на емиграционите движења од Република Македонија “се дава фрагментарен пресек на историскиот развој на иседлувањето

Во трета глава од ракописот со наслов „Миграцијата од Македонија во Италија“,професорот Зунун,пишува за македонската миграција во Италија ,во кој го опишува целиот процес по пристигнување на мигрантите, нивната адаптација во новата средина, интеграцијата во тамошното општество исл.

Во четврта глава авторот Проф. Др. Зунун Зунун ја разработува имиграцијата како општественаи индивидуална појава, задржувајќи се притоа на најзначајните фактори и влијанија што придонесуваат за појавување емиграцијата, се разработува проблематика поврзана со феноменолошките карактеристики на емиграцијата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „ Емиграционите движења од Македонија во Европа,Америка и Афстралија, Прв дел “, од авторот Проф. Др.Зунун Зунуни, претставува своевидно освежување во учебникарска литература кајнас, особено во поглед на тоа што авторот како доминантна ја протежира дипломатска, психолошкатаи социлна димензија на истражувањето на емигрантите како индивидуална и општествена појава.Разработена е материја што тангира значајни теоретски и практични прашања од областана политички науки .

Разработување на севкупните дострели на емигрантите, претставува најнов теоретски потфат авторот Проф. Др Зунун Зунуни да си најде свое место во теоретска научна ризница.Како рецензиона комисија убедени сме дека со објавувањето на оваа книга ќе се помогне во полесно совладување на содржината на предметот Миграција и миграциски процеси за студените кои го изучуваат овој предмет.

Чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето накнигата од автор проф. д-рЗунун Зунуни.

Рецезенти:

Проф.д-р.Нано Ружин, с.р.

Проф. д-р Назми Малиќи, с.р.

Проф.д-р Јорде Јакимоски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

За монографијата

**Современата имиграција и аспектите на економската интеграција на имигрантите**

од проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска

Врз основа на Одлуката донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија при Прв приватен универзитет Фон во Скопјена ден 14.03.2019 за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на монографијата“Современата имиграција и аспектите на економската интеграција на имигрантите“,од проф.д-рИрина Чудоска Блажевска за предметите Миграција и миграциски процеси и Глобализација избрани сепроф.д-р НазмиМалиќи и проф. д-рЗунунЗунуни.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки и дипломатијапри Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Миграција и миграциски процеси е предмет на пост дипломските студии на насоката надворешна политика на Факултетот за политички науки и дипломатија, а предметот Глобализација е универзитетскипредмет кој се изучува на Факултетот за политички науки и дипломатија, Факултетот за правни науки, Факултет за детективи и безбедност, Факултет за економски науки, Факултет за информатика, Факултет за спортски менаџмент при Прв Приватен Универзитет ФОН.Монографијата“Современата имиграција и аспектите на економската интеграција на имигрантите “која е предаден на рецензија содржи 250 страни во електронска верзија со проред 1 големина на фонтот 12.

Текстот е поделен во четириглави, кои логичнораспоредени според содржината што се третира, вовед, пет поглавја, заклучок и користена литература.

Во првата глава авторот првенствено разработува некои општи одредници за миграцијата. Така, во првиот дел од ракописот се поместува материјал поврзан со дефинирањетона поимот и определувањето на предметотна меѓународните миграциски процеси и основните причини за појава на мигрантите: дефиниции, видови и класификација на имигрантите, осврт на меѓународната економска имимирација како глобален феномен.

Втората глава го третира правните аспекти на миграцијата како меѓународните правни дејности кои ја регулираат имиграција, меѓународните конвенции и декларации кои ги регулираат миграциските процеси, содржина на правата и обврските на работниците- мигранти. Во овој дел на трудот посбно вниманиеје му посветува на меѓународни механизми и инструменти за регулирање на миграцијата

Третата глава од ракописот се осврнува на имиграциската политика на државите на прием на имигрантите, каде посебно внимание е посветено на државните стратегии за интеграциска политика преку демократските механизми кои и се на располагањена државата за пред се економска нклузија. Посебно се разгледани развиените западни земји како државите-членки на Европската Унија и Соединетите Американски Држави.

Четвртата глава на овој ракопис се осврнува на едно од најважните аспекти на имиграцијата а тоа е економската димензија на имиграцијата преку дефинирање на економската интеграција и преку проучување на економска интеграција на имигрантите и нивното влијание на државната економија, определувањето на имиграцискиот капацитет на државата на прием, идејата за замена на работните места на домашните работници со имигранти, како и влијанието на имиграцијата врз државниот буџет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Современата имиграција и аспектите на економската интеграција на имигрантите“, од авторот проф. д-р. Ирина ЧудоскаБлажевска, претставувасвоевидно освежување во учебникарска литература кајнас, особено во поглед на тоа што авторот како доминантна ја протежира правната, економскатаи социлна димензија на истражувањето на имигрантите како индивидуална и

општествена појава.Разработена е материја што тангира значајни теоретски и практични прашања од областана политичките и економските науки.

Како рецензиона комисија убедени сме дека со објавувањето на оваа монографија ќе се помогне во полесно совладување на содржината на предметите Миграција и миграциски процеси и Глобализација за студените кои ги изучуваат овите предмети.

Чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Прв приватен Универзитет ФОН во Скопје, да го одобри издавањето на монографијата од автор проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска.

Рецезенти:

Проф. д-р НазмиМалиќи, с.р.

Проф.д-р Нано Ружин, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

За монографија

**Имиграцијата во Европската Унија и Соединетите Американски Држави - интеграција на припадниците на исламските заедници**

од проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија при Прв приватен универзитет Фон во Скопјеодржана наден 14.02.2019, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на монографијата "Имиграцијата во Европската Унија и Соединетите Американски Држави - интеграција на припадниците на исламските заедници",од проф.д-рИрина Чудоска Блажевска за предметите Миграција и миграциски процеси и Глобализација избрани сепроф.д-р НазмиМалиќи и проф. д-р Нано Ружин.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки и дипломатијапри Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Миграција и миграциски процеси е предмет на пост дипломските студии на насоката надворешна политика на Факултетот за политички науки и дипломатија, а предметот Глобализација е универзитетскипредмет кој се изучува на Факултетот за политички науки и дипломатија, Факултетот за правни науки, Факултет за детективи и безбедност, Факултет за економски науки, Факултет за информатика, Факултет за спортски менаџмент при Прв Приватен Универзитет ФОН.Монографијата "Имиграцијата во Европската Унија и Соединетите Американски Држави: интеграција на припадниците на исламската веросиповед"кој е предаден на рецензија содржи 257 страни во електронска верзија со проред 1 големина на фонтот 12.

Текстот е поделен во четири глави, кои логичнораспоредени според содржината што се третира, вовед, четири поглавја, заклучок и користена литература.

Прватаглава носи наслов **„Историјата на имиграциските процеси“** во која авторот првенствено разработува некои општи и историскиодредници за миграцијата.Така, во првиот дел од ракописот сеереместува материјал поврзан со дефинирањетона поимот и определувањето на предметот, Имиграциските процеси во Европа и во САД, а се дава и историскипресек на досегашниот развој.

Во втората глава со наслов**„Имиграциската политика во Европската Унија“**се дава фрагментарен пресек на историскиот развој на легален статус на имигрантите во земјите-членки на ЕУ, Датотека за имигрантите од исламска вероисповед во ЕУ. Во овој дел на трудот посбно вниманиеје му посветува на, аспекти на социјалната и на политичката адаптација и интеграција на муслиманите во ЕУ и за Аспектите на животот намуслиманите во ЕУ и за концептот на земјите-членки на еу за интеграција на имигрантите.

Во трета глава од ракописот со наслов **„Имиграциската политика на САД“,**професорка Ирина, им е посветеннаЛегален статус на имигрантите во САД. Датотека за имигрантите од исламска вероисповед во САД, аспекти на социјалната и на политичката адаптација и Интеграција на муслиманите во САД и за Аспектите на животот на муслиманите во САД и за концептот на САД за интеграција на имигрантите,и се наведуваат и примери за спроведување определени истражувачки постапки, особеново случаите кога станува збор за психолошки емпириски истражувања на имигрантската политика.

Во четврта глава со наслов„**Споредба на двата модела на интеграција“**, овдеавторот Проф. Др. Ирина ЧудоскаБлажевска ја разработува имиграцијата како општественаи индивидуална појава, задржувајќи се притоа на најзначајните фактори и влијанија штопридонесуваат за појавување и имиграцијата, се разработува проблематика поврзана со феноменолошкитекарактеристики на имиграцијата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Имиграцијата во Европската Унија и Соединетите Американски Држави: интеграција на припадниците на исламската веросиповед“, од авторот Проф. Др. Ирина ЧудоскаБлажевска, претставувасвоевидно освежување во учебникарска литература кајнас, особено во поглед на тоа што авторот како доминантна ја протежира

дипломатска, психолошкатаи социлна димензија на истражувањето на **имигрантите** како индивидуална и општествена појава.Разработена е материја што тангира значајни теоретски и практични прашања од областана политички науки .

Разработување на севкупните дострели наимигрантите, претставува најнов теоретски потфат авторот Проф. Др. Ирина ЧудоскаБлажевска да си најде свое место теоретска научна ризница.Како рецензиона комисија убедени сме дека со објавувањето на оваа монографија ќе се помогне во полесно совладување на содржината на предметите Миграција и миграциски процеси и Глобализација за студените кои ги изучуваат овите предмети.

Чест ни е  да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето на монографијата од автор проф. д-р Ирина Чудоска Блажевска.

Рецезенти:

Проф. д-р НазмиМалиќи, с.р.

Проф.д-р.Нано Ружин, с.р.